This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**ЈУЛИ, 2025**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТИТАНИК “КОК-59/22

На 04.07.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци.

На 15.07.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 6 сведоци.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На 04.07.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 обвинет.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На 03.07.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

Рочиштето на 14.07.2025 година се одложи поради отсуство на обвинета.

### „НАРКО ГРУПА ГРЧЕЦ “КОК-117/24

На 01.07.2025 година, на рочиштето беа дадени завршни зборови од странките.

На 15.07.2025 година, судот јавно ја објави пресудата. Судот донесе осудителна пресуда и на обвинетите им изрече казна ефективен затвор и тоа: на 3 обвинети им е изречена казна затвор во траење од 5 години, на еден обвинет му е изречена казна затвор во траење од 6 години, на двајца обвинети им е изречена казна затвор во траење 15 и 14,5 години.

### „ЕУ ФОНДОВИ“ КОК-179/22

На 17.07.2025 година, на рочиштето за главна расправа јавниот обвинител го прецизираше обвинението и даде завршни зборови.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

Рочиштето на 01.07.2025 година се одложи поради отсуство на вешто лице.

### „АДИТИВ“ КОК-73/25

Рочиштето на 16.07.2026 година се одложи поради отсуство на 2 обвинети бидејќи истите не биле спроведени во судот од куќен притвор.

АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 02.07.2025 година, на рочиштето се вршеше репродукција на видео записи од претходно одржаните рочишта за главната расправа.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1069/25

Рочиштето на 11.07.2025 година се одложи поради отсуство на обвинета.

### „УБИСТВО ВО КРАТОВО“ К-540/24

На 10.07.2025 година, на рочиштето за главна рапсрава беше испитан 1 вешто лице предложено од одбраната.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На **03.07.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 525-та седница на која ги донесе следните одлуки:

- Донесе одлука за времено упатување на судија од Основен суд Битола во Основен суд Прилеп;
- Определи ВД претседатели на Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар, Основен суд Свети Николе и Основен кривичен суд;
- Донесе одлука за објавување оглас за избор на претседател на Основен кривичен суд Скопје;
- Одлучуваше по претставки на граѓани за работата на судиите и судовите.

На **23.07.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 526-та седница на која ги донесе следните одлуки:

- Донесе одлука за претседател на Основен суд Охрид да биде избран Бојан Мартиноски, судија на Основен суд Охрид;
- Разгледуваше и усвои извештаи за вонредно оценување на судии кон конкурирале за повисок суд;
- Одлучуваше по претставки на граѓани за работата на судиите и судовите.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На **04.07.2025 година**, Советот на јавните обвинители ја одржа 26-тата седница на која ги донесе следните одлуки:

- Донесе одлука за избор на јавниот обвинител Виолета Стојаноска за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево;
- Донесе одлука за избор на јавниот обвинител Никола Јолески за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.

На **16.07.2025 година**, Советот на јавните обвинители ја одржа 27-мата седница на која ги донесе следните одлуки:

- Донесе одлука за избор на јавните обвинители Дарко Јакимовски и Владимир Милошески за јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје;
- Донесе одлука за избор на јавните обвинители Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.